Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00, 44/02, 82/2008, 167/10, 51/11, 96/2019 и 110/2019) и член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“, бр. 161 од 5.8.2019 година), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот **МОДЕРЕН БАЛЕТ** за III одделение од шестгодишното основно балетско образование, според која ќе се реализира настава и во деветгодишното основно балетско образование заклучно со завршување на учебната 2023/2024 година.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**Наставна програма**

# МОДЕРЕН БАЛЕТ

**за III (трето) одделение**

шестгодишно основно балетско образование

Скопје, 2020 година

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Модерен балет |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Година на изучување** | III- то одделение |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 2 часа / неделен фонд<br>72 годишен фонд |
| **Цели на наставна програма** | Општите цели на наставната програма по наставниот предмет модерен балет се ученикот/ученичката да се стекне со знаења и вештини за:<br>- Развивање позитивни ставови кон работата со телото како инструмент ;<br>- Да развие љубов кон балетот и танцовата уметност;<br>- Основите на модерниот балет;<br>- Усвоеност на основниот стручен вокабулар;<br>- Правилна техничка интерпретација на движењата од модениот балет;<br>- Изведба на основните елементи од модерниот балет;<br>- Експресивна интерпретација на движењата и елементите од модерниот балет;<br>- Зајакнување на мускуниот апарат на целото тело и координацијата; |
| **Наставни теми** | • **Движења на под**<br>• **Движења на средина на салата**<br>• **Дијагонали**<br>• **Активности за развивање на креативноста** |
| **Материјално-технички и просторни услови** | За постигнување на целите на наставата по модерен балет задолжително е задоволување на просторните услови дефинирани според регулативата за изведување на овој тип на настава односно училишта од овој |

| | |
|---|---|
| | профил. Во однос на материјално-техничките услови наставата по овој предмет се реализира со помош на аудио средства и записи. Моделите за реализација на наставата по овој предмет нужно претпоставуваат нагледни средства како видео запис, илустрации, фотографии, аудио помагала, користење на новите технологии и сл. |
| Норматив на наставен кадар | **Наставната програма ја реализираат наставници со завршени:**<br>• Студии по балетска педагогија, насока современ танц , VII/1 или 240 ЕКТС;<br>• Студии по балетски педагогија, насока класичен балет, VII/1 или 240 ЕКТС. |

| | Тема 1. ДВИЖЕЊА НА ПОД (26 часа) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување** |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>- ги препознава и запомни изучените елементи од зададените вежби на под<br><br>- ја препознава, запомни и повторува техниката на дишење<br><br>- применува правилно контракција и релаксација на телото<br><br>- да ги изведува елементите – | **Содржини**<br>**Вежби на под**<br><br>**Поими:**<br>- дишење,<br>- контракција,<br>- изолација,<br>- релаксација,<br>- седечки спинални истегнувања,<br>- спирала,<br>- drop, | **Активности:**<br><br>-објаснување и демонстрација од страна на наставникот;<br>- вежби на под со техники на дишење, седечки спинални истегнувања и елементите спирала, drop, swing, flex and point<br><br>**Форми на работа:** работа во групи, двојки и индивидулано | **Ученикот/ученичката ќе може да:**<br>1.1 ги испружува стапалата во најмалку 60° во однос на подот<br>1.2 демонстрира правилен начин на дишење<br>1.3 ги свиткува стапалата во згрчена (флекс) положба од најмалку 90 ° во однос на подот<br>1.4. ги координира изучените движења и правилно ритмички ги изведува<br>1.5 покажува потенцијал за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | седечки спинални истегнувања, спирала, drop, swing, flex and point и контракција и изолација. | - swing,<br>- flex and point. | **Методи:**<br>- перцептивно-тактилна демонстрација на вежбата од страна на педагогот<br>- демонстрација на вежбата со интегрирање на ученикот | понатамошен развој |

| | Тема 2. ДВИЖЕЊА НА СРЕДИНА НА САЛАТА (26 ЧАСА) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување** |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да**:<br>- ги изведува основните паралелни позиции на нозете<br>- применува контракција и изолација на средина од салата во паралелни позиции | **Содржини**<br><br>I, II, IV паралелна позиција- повторување<br>Контракција и изолација во паралелна позиција<br><br>**Поими:**<br>- позиции<br>- контракција | **Активности:**<br>Објаснување и практична презентација,<br>Вежби за совладување на паралелните позиции на нозе,<br>Вежби со изолација и контракција во паралелни позиции<br>**Форма на работа:** во групи, двојки и индивидулано | **Ученикот/ученичката ќе може да:**<br>1.1 правилно да го постави телото во вертикала<br>1.2 демострира правилна изведба на паралелните позициите на нозе<br>1.3 демонстрира правилна изведба во однос на телесната поставка и изучените елементи<br>1.4 напредува со сигурност во |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - изолација | **Методи:**<br>- Перцептивно-тактилна<br>- демонстрација на вежбата од страна на педагогот<br>- демонстрација на вежбата со вклучување на ученикот | изведбата на елементите |
| 2 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>- изведува и применува ротација на торзо и demi-plie во паралелна позиција<br>- правилно методски ги исполнува елементите<br>- правилно ритмички да ги реализира движењата<br>- развие способност за комбинирана изведба<br>- може да препознава правилна изведба и точна интерпретација во методолошка и музичка смисла | **Содржини**<br><br>**Ротација на торзо и Demi-plie**<br><br>Ротација на торзо – спирала во паралелна позиција на средина од салата<br>Demi-plie во паралелна позиција<br><br>**Поими**<br>- спирала<br>- demi-plie | **Активности:**<br>- објаснување и практична презентација,<br>- вежби за совладување на елементите спирала и demi plie, со користење на позиции на нозе,<br>**Форма на работа:** во групи, двојки и индивидулано<br>**Методи:**<br>- перцептивно-тактилна<br>- демонстрација на вежбата од страна на педагогот<br>- демонстрација на вежбата со вклучување на ученикот | **Ученикот/ученичката ќе може да:**<br>2.1 правилно да го поставителото во вертикала<br>2.2 демострира правилна изведба на паралелните позициите на нозе<br>2.3 демонстрира правилна изведба во однос на телесната поставка во изведбата на елементите спирала и demi-plie<br>2.4 изведува правилно комбинирање на движењата со точна методолошка и музичка интерпретација |

| Тема 3. ДИЈАГОНАЛИ (10 часа) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими | Активности и методи | Критериуми на оценување |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>- се движи координирано и контролирано низ просторот по дијагонала<br><br>- покажува умешност во ориентирањето во простор<br><br>- ги препознаваи користи видовите на одеење во модерниот балет<br><br>- ги препознава нивоата во модерниот балет | **Содржини:**<br>**Поставка на средина на салата (заради одредување дијагонали)**<br><br>**Дефинирање на сценскиот изведувачкиот простор/во салата**<br><br>**Поими:**<br>- Дијагонали<br>- Точки во салата<br>- Ориентација<br>- Видови одење<br>- Нивоа | **Активности:**<br>-вежби за совладување на основните ориентациски точки<br>- демонстрација од страна на балетскиот падагог<br>- совладување на видовите одење во модерниот балет<br>- презентација на нивоата од страна на педагогот и демонстрација од страна на учениците<br>- Користење на видео материјали<br><br>**Методи:**<br>Презентација<br>Практична примена и проверка<br>Видео проекции | Ученикот/ученичката може да:<br>1.1 самостојно ги одредува дијагоналите во изведувачкиот простор<br>1.2 самостојно ја менува ориентацијата и правците согласно дадените упатства<br>1.3 ги изведува правилно различните видови одење<br>1.4 ги користи нивоата во модерниот балет |

| Тема 4. АКТИВНОСТИ ЗА РАЗВИВАЊЕ НА КРЕАТИВНОСТА (10 часа) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими | Активности и методи | Критериуми на оценување |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да :**<br><br>- гради и развива позитивниот став кон работата во група и самостојно<br><br>- дизајнира и демонстрира импровизација согласно зададените насоки<br><br>- ги поврзува, дефинира и трансформира идеите во конкретна танцова форма,<br><br>-ги објаснува сопствените идеи и практично го демонстрира,<br><br>- ја развива креацијата и фантазијата во танцовото изразување | **Содржини**<br>**Танцова импровизација**<br>- Танцови движења на зададена тема,<br>- Тематско дефинирање преку одредена музичка основа (асоцијации, тема, ликови, приказна)<br>- Поврзување на музичка и визуелна асоцијација<br>- Актуелизирање и реализација на различни изразни средства<br>- Мимичко, актерско изразување<br>**Поими:**<br>- Асоцијација<br>- Лик<br>- Тема<br>- Мимика<br>- Актерски израз<br>- Експресија<br>- Импровизација | **Активности:**<br><br>- тематско изразување преку различни изразни медиуми (движење/танц, цртеж)<br>- движечко дефинирање на лик, состојба, појава<br>- видео презентација<br>- организирано следење на модерно танцово дело во театар<br><br>**Форма на работа:** индивидуална и групна<br>**Методи:**<br>- Импровизација<br>- Вербално тематизирање<br>- Видео-аналитичка | **Ученикот/ученичката ќе може да:**<br><br>1.1 се изразува преку движења<br>1.2 ги поврзува музичките секвенци со зададената тема и истите умешно ги трансформира во движење<br>1.3 развива асоцијативно мислење<br>1.4 покажува сигурен напредок и развојност во креативниот процес ,<br>1.5 воспоставува релација помеѓу својот ум и своето тело преку трансформирање на афективни елементи во физичка (телесна) експресија<br>1.6 демонстрира експресивен танцов израз со потенцијал за импровизација и креативност |

| | |
|---|---|
| **Оценување на постигањата на учениците** | За да се оценат постигнувањата на ученикот/ученичката неопходно е:<br>- да се согледа иницијалната состојба на ученикот/ученичката (запознавање со неговите природни предиспозиции);<br>- континуирано следење на ученикот/ученичката за да се добијат сознанија за неговиот напредок, развој, степенот на разбирање на поимите и правилата за нивната примена, оспособеноста за реализација на зададените задачи;<br>- континуирано следење на односот на ученикот/ученичката кон работата и соработката со врсниците, покажаната иницијативност, љубопитност, самостојност, точност во искажувањето и истрајност во извршувањето на активностите;<br>- континуирано утврдување и проверка на стекнатите знаења, способности и вештини во предвидените активности.<br>Оценувањето на постигањата на учениците ќе биде со бројчана оценка (од 1 до 5). Постигнувањата на учениците се оценуваат континуирано во тек на наставниот процес. Во тек на првото и третото тромесечие се спроведува колоквиум пред комисија. Наставникот преку годината подготвува полугодишен и годишен контролен испит кој се оценува комисиски. |
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | Учебна 2020/2021 година |
| **Институција/ носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Потпис и датум на донесување на наставната програма** | бр. 12-5971/13<br>**17.08.2020 година** **МИНИСТЕР,**<br>**Dr. Arbër Ademi**<br>_________________________ |